*Philological Studies 18, 2, (2020) 153-167* **Изворен научен труд**

**УДК: 78.071.1:929 Фирфов Ж.**
**doi: 10.17072/1857-6060-2020-18-2-153-167**

# УЛОГАТА НА МАКЕДОНСКИОТ КОМПОЗИТОР И ЕТНОМУЗИКОГ ЖИВКО ФИРФОВ ВО СОВРЕМЕНАТА МАКЕДОНСКА МУЗИЧКА КУЛТУРА

**Наташа Диденко**
*Институт за национална историја*
*Универзитет Св. Кирил и Методиј,*
*Скопје, РС Македонија*

**Клучни зборови:** композитор, етномузиколог, македонска народна музика, современа музичка култура.

**Резиме:** Во трудот се прави обид да се претстават животниот и творечкиот пат на Живко Фирфов, кој, во историјата на музиката во Македонија, е забележан како еден од значајните претставници на современата музичка култура. Вредноста на овој музички деец ја гледаме врз основа на сето она што го создал, го забележил, го обработил и научно го публикувал, по што дал значителен придонес во откривањето, запишувањето, запознавањето и во афирмацијата на македонската народна музика во земјата и во странство.

# THE ROLE OF MACEDONIAN COMPOSER AND ETNHNOMUSICOLOGIST ŽIVKO FIRFOV IN CONTEMPORARY MACEDONIAN MUSIC CULTURE

**Nataša Didenko**
*Institute of National History*
*University of Ss. "Cyril and Methodius"*
*Skopje, RN Macedonia*

**Key words**: composer, ethnomusicologist, Macedonian folk music, Contemporary Music Culture

**Summary:** This paper presents the life and activities of Živko Firfov, who is observed as one of the important artists of Contemporary Music Culture in the History of Macedonian music. Firfov is significant in Macedonian music because he has made a great contribution to discovering, writing, acquainting and affirming Macedonian folk music both domestically and abroad.

Во периодот по Втората светска војна се издвојуваат неколку значајни македонски музички школувани дејци, коишто започнале да ја создаваат и да ја градат својата национална култура. По добивањето на слобода, сопствен јазик и сопствена државност, започнале уметнички да созреваат како композитори, диригенти, етномузиколози и музички педагози, а од друга страна се афирмирале пред поширокиte кругови на музичката јавност како пионери во современиот музички живот и како иницијатори, претставници и раководители на новоосновaните професионални музички институции (Ортаков 1995: 151). Како еден од групата значајните музички дејци во Македонија, според Тодор Скаловски наречена „Македонска петорка" (Македонско Радио. ЕМГ: 554, 1990), се вбројува Живко Фирфов, роден на 20 ноември 1906 година во Велес.

Тој, уште од раното детство пројавувал љубов кон музиката, како што и самиот истакнува: „*Многу рано почнав јас виолина да учам кај Кочо (Апостолов) Матов.*[1] *Таа фамилија беше многу музикална...*

[1] Кочо Апостолов Матов (1888 – 1962), во 1911 година формирал дувачки оркестар во рамките на филскултурното друштво „Велешки јунак", во кој истовремено работел како диригент и подучувач на членовите на оркестарот, при што им помагал во нивната музичка писменост и во совладувањето на дувачките инструменти. По навлегувањето на српската власт во Велес, со која била забрането секакво собирање, замира активноста на друштвото и на дувачкиот оркестар (28 јануари 1913 година). Понатаму, К. Матов,

*Квартет имаше во таа куќа. Токму таму кај што одев да учам*“ (Македонско Радио-фонодокументација, 19.11.2018).

На шеснаесетгодишна возраст, во 1922 година (период меѓу двете светски војни, кога вардарскиот дел од Македонија, во чиј состав се наоѓал и градот Велес, му припаѓале на тогаш формираното Кралство СХС, како единствен креатор на целокупниот живот на оваа територија, до 1941 година), заедно со Стефан Гајдов го формирале мандолинскиот оркестар „Гром“ (Македонско Радио-фонодокументација, 17.6.2017), кој функционирал на краток период, поради политичките настани од тој период (победата на Комунистичката партија во Велес на првите општински избори (22 август 1920 година) и нејзиното дејствување до прогласувањето на Обзнаната (29 спроти 30 декември 1920 година), како и поради „Законот за заштита на државата“ (август 1921 година), со кој се предвидувала забрана на дејноста на КПЈ, синдикатите и сите други организации, односно на целокупниот јавен живот на партијата) (Најдовска 2006: 44).

Но, неговата дејност не запрела тука бидејќи како што вели: „*Во 1923 година со моите другари ја развивавме културно-уметничката делатност на градот. Тогаш всушност ја започнав првата собирачка дејност на музичкиот фолклор, сосема инцидентно за потребите, за дел од репертарот на аматерските хорови и оркестри што ги водев како диригент, аранжер и обработувач. Фолклорот ми ги отвори видиците за една благородна мисија, за презентирање на македонското културно наследство, неговата изворна форма...*“ (Македонска радио-телевизија (натаму: МРТ) 2008). Од неговиот исказ добиваме сознанија за неговата посветеност кон музиката и за желбата да даде придонес во развојот на културно-просветниот и на уметничкиот живот во неговиот роден град, што всушност претставувала патоказ за неговото натамошното образование на Музичката школа во Белград (денес „Музичка школа Мокрањац“), каде што се запишал во 1927 година (Коловски 1993: 219), а потоа и за неговата професионална определба.

По завршувањето на Музичката школа, се вработил како диригент во Академското пејачко друштво и се посветил на музичкото образование и воспитание на децата со хендикеп како раководител на

---

познат уште како „Чаушот“ (човек што командува – диригент), давал часови по музика на млади ентузијасти и таленти, меѓу кои бил и Живко Фирфов (Виолета Гочевска. 1988. *Кочо Апостолов Матов (1888 – 1962)*). Во: Еден век музички живот: 40 години на Основното музичко училиште „Киро Димов“, Титов Велес. Уред. Славко Николов. Титов Велес: Графичка работна организација „Графичар“, 34–36).

оркестарот и како наставник по виолина при Домот на слепите во Земун (Николески 1988: 76), а истовремено се надградувал, учејќи композиција со проф. Јосип Штолцер-Славенски[2] и Јуриј Арбатски[3] (Каракаш 1970: 28). Меѓутоа, во неговата музичката кариера, значаен напредок како композитор е забележлив уште пред запишувањето на Музичката академија во Белград (денес „Факултет за музичка уметност") во 1937 година и усовршувањето на предметот композиција во класата на проф. Стеван Христиќ[4] (Ванчов Николески 1995: 77), кога бил примен за член на Здружението на композиторите на Југославија (УЈМА = Удружење Југословенских Музичких Аутора – Белград) во 1934 година, врз основа на неговата стилско-творечка оригиналност, во поглед на начинот на вметнување на македонскиот фолклор во неговите први значајни композиции од тој период, меѓу кои се вбројува „Фантазија за оргули" (Николески 1988: 77).

Композиторското творештво го збогатувал понатаму и со други композиции, главно напишани под инспирација на фолклорот, меѓу кои се вбројуваат: „Дротар за мешан хор (1935); „Строшил ги стомните" за мешан хор (1937) и неговото најпопуларно дело т.е бисерот на македонската хорска литература „Цуцул стои на грутка" (1935) за мешан хор, подоцна наречено „Хумореска бр. 1" (Ibidem.), со која, по Втората светска војна, на 18 октомври 1946 година, учествувал на конкурсот за најдобри музички творби, распишан од страна на Министерството за просвета на ФНРЈ, на кој, по одлуката на

---

[2] Јосип Штолцер-Славенски (Чаковец, 1896 – Белград, 1955) – композитор. Од 1924 година работел како наставник во Средната музичка школа, а од 1945 година како професор по композиција на Музичката академија во Белград. Меѓународно се афирмирал во 1924 година кога на Фестивалот за современа музика „Музички денови на Донаушинген" (герман: *Donaueschinger Musiktage*), неговиот Прв гудачки квартет претставувал откритие за европската музичка јавност (*Enciklopedija leksikografskog zavoda*, v.6. 1969. Ред. Miroslav, Krleža. Zagreb: Zagreb: Jugoslovenski leksikografski zavod, 17). Како композитор се огледува во македонскиот фолклор преку неговата највпечатлива форма *„Тешкото"*, во своите *„Блакански игри"* (Стојче Тошевски. 1997. *Влијанието на фолклорот врз музичкото творештво на Македонија (хронологија, белешки и прилози.* Во: Народното творештво на почвата на Македонија: прилози за истражување на историјата на културата на почвата на Македонија, кн. 6, Скопје: Македонска академија на науките и уметностите (натаму: МАНУ), 167).

[3] Јуриј Арбатски (Москва, 1911 – Чикаго, 1963) – оргуљаш, фолклорист, педагог. Се јавува како изведувач на дела од македонски композитори, меѓу кои се вбројува „Фантазија за оргуљи" од Живко Фирфов, која ја извел на концерт во Евангелистичката црква во Прага во 1942 година (Бранко Каракаш 1970. *Музичките творци во Македонија*. Скопје: Македонска книга, 28–29).

[4] Стеван Христиќ (Белград, 1885 – Белград, 1958), српски композитор, диригент, педагог. Претставник на современиот романтизам во српската музика од првата половина на XX век.

комисијата составена од: Михајло Вукдраговиќ и Стана Ѓуриќ-Клајн (професори во Музичката академија во Белград) и Мирко Шпилер (член на Комитетот за радиофонија), неговата композиција била наградена со парична награда од 10.000 динара[5] (Државен Архив на Република Северна Македонија (натаму: ДАРСМ), Фонд: Фонд: 01.0170.0036.0051/0377.).

Дејноста на Ж. Фирфов е забележана и во НОВ, како член на Агитационо пропагандното одделение на Комунистичката партија на Македонија (АГИТПРОП), при Централниот комитет на КПМ (натаму:ЦК), во с. Горно Врановци, Велешко (септември 1944 година), каде што бил ангажиран во одделението за уметност при Поверенството за култура (Николески 1988: 77), по што се наоѓал меѓу оние културно-просветни дејци, коишто давале значаен придонес во развојот и во сочувувањето на македонската музика. Инспириран од НОВ и Револуцијата, го проширувал композиторскиот опус, пишувајќи го неговиот прв „Партизански марш“ за машки хор (Скаловски 1984: 172), но истовремено ги собирал народните песни од периодот на НОВ, по што имал забележано околу 80 песни, кои се пееле сè до ослободувањето, а некои од нив се пеат и денес (Андов 1977: 384–385).

Во периодот по Втората светска војна, по добивањето на: слобода, сопствен јазик и сопствена државност, се вклучил во оформувањето и во креирањето на народната традиционална музика, вршејќи повеќе значајни и одговорни должности и функции. Тогаш, во историјата на македонскиот народ, како што вели композиторот Благоја Ивановски[6] *„се поставуваа темелите на Радио Скопје[7], како политичко-*

---

[5] На овој конкурс учество земале и Тодор Скаловски со композицијата „Македонско оро“, која била прогласена за најдобра музичка творба на конкурсот; потоа учесник со шифра „Арфа“, со композицијата „Вардар“, која била наградена со парична награда од 8.000 динара и Стефан Гајдов, со композицијата „Мамо главата ме боли“, наградена со парична награда од 5.000 динара (Државен Архив на Република Северна Македонија (03.01.1950). Фонд: 01.0170.0036.0051/0377. Министерство за просвета (1945 – 1951): Доделени се наградите за најдобри музички творби по конкурсот што го распиша Министерството за просвет. Скопје.

[6] Благоја Ивановски (Скопје, 1921 – 1994, Скопје) – композитор. Заедно со Глигор Смокварски и Кирил Македонски бил еден од втемелувачите на современиот македонски симфонизам.

[7] Почетокот на работата на „Радио Скопје“ е означен со преносот на Второто заседание на АСНОМ на 28 декември 1944 година кога за прв пат била емитувана емисија на кратки бранови. По земјотресот, зградата на Радиото била урната, по што тоа добило нова локација во Нерези, а во 1986 година, е преселено во просториите на Македонската Радио-телевизија (Јован Филип. 2009. Македонска Радиотелевизија. Во: Македонска енциклопедија, т. 2. Ред. Блаже, Ристовски. Скопје: МАНУ, 854).

*информативна, научно-уметничка програма во чии рамки беа застапени и другите дејности. На Фирфов во тој период му беше поставена одговорна задача - да ја организира и оформи радио програмата на македонската народна музика*“ (Македонско Радио-фонодокументација, 19.11.2018). Во таа смисла, во 1945 година го организирал првиот инструментален ансамбл на Радио Скопје, под името „Чалгискиот оркестар од Велес“ (познат уште како „Велешка четворка“), со кој ги зачувал карактеристиките на македонскиот автентичен фолклорен израз (Костадиновски 2004: 384), по што го формирал и „Народниот оркестар“ (1948) (Ванчов Николески 1995: 78), а од 1958 до 1962 година, како музички продуцент на „Оркестарот на народни инструменти“, бил одговорен за неговиот развој во однос на одржувањето и интерпретирањето на македонската автохтона народна музика (Јованов 2011: 7). Истовремено бил иницијатор и за формирање на повеќе вокално-инструментални групи: „Билјана“, триото „Кучковки“, „Бавчарки“, „Воденки“, „Костурчанки“ итн. (МРТ 2008).

За неговата понатамошна активност и дејност добиваме сознанија врз основа на архивските материјали, според кои, тој, во април 1948 година, од страна на Министерството за просвета,[8] коешто како просветен орган по ослободувањето на Македонија во спроведувањето на културно-просветната политика се соочувало со низа проблеми, меѓу кои и недостигот на стручен учителски кадар, а во контекст на нашиот интерес - недостиг на просветен музички кадар. Во таа смисла Ж. Фирфов бил ангажиран како стручен учител по музика на курсот[9] за хорски раководители, за кој биле изработени соодветни наставни планови и програми, според кои се предавале следните предмети: елементарна теорија (40 часа), солфеж (29 часа), хорско диригирање (23 часа), форми (4 часа), историја на музиката (3 часа), познавање на инструментите (5 часа) и македонски јазик (18 часа) (ДАРСМ,

[8] Со формирањето на Владата на НРМ (14 – 16 април 1945 г.), Поверенството за просвета (6 август 1944 година, во с. Рамне, Кумановско) е преименувано во Министерство за просвета. За прв министер за просвета на владата на НРМ бил назначен Никола Минчев (*АСНОМ: (Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија): Документи од работата на Президиумот на АСНОМ меѓу Второто и Третото заседание и од Третото заседание на АСНОМ*, т.1, кн.3. 1987. Ред. Новица Велјановски, Скопје, 426).

[9] Органите на просветата, поради потребата за побрзо задоволување на доволен број учителски кадар, организирале краткотрајни учителски курсеви со различно времетраење, како основна форма за стручно-методско упатување на младите учители во наставната работа. Некои од нив траеле 3 до 4 дена, други 9 до 10 дена, а трети од 15 до 25 дена. (Нада Јурукова. 1990. *Основното воспитание и образование во Македонија 1944 – 1950*. Скопје: Институт за национална историја, 111.

01.0170.0037.0020/0035). По завршувањето на курсот, кој наместо три бил скратен на два месеци, Живко Фирфов напишал извештај до Министерството за просвета, во кој пишува: „*Општо земено изборот на слушачите не е најсреќен, поради тоа што повеќе курсисти дојдоа без никакво музичко познавање. За овие курсисти ќе биде потребно после едногодишна пракса, да дојдат уште на еден тримесечен курс за да се оспособат за посамостална работа*“ (Ibidem.).

По завршувањето на курсот, се вклучил во собирањето и проучувањето на македонската вокална традиционална музика, по што заедно со основоположникот на македонската народна литература – Венко Марковски (Скопје, 1915 – Софија, 1988), заминал за Куманово. Со цел да формираат групи за собирање на народни песни, приказни и поговорки, во соработка со тогашниот *повереник* на просветниот оддел во Куманово, ја создале групата составена од: др. Душко Кавадарски, др. Богица Горгиевска и др. Лупка А. Горгиевска, со која од 8 до 11 јуни откривале интересни песни од селата: Доброшане, Старо и Младо Нагоричане, која, по дадените насоки од страна на Ж. Фирфов и В. Марковски, ги запишала и обележала со ноти (ДАРСМ,01.0170.0037.0023/0040). По враќањето во Скопје, на 12 јуни, Ж. Фирфов и В. Марковски, поднеле Извештај до началникот за култура и уметност, при Министерството за просвета, во кој пишува: *„Поднесувајќи го овој извештај сакаме да ги изнесеме нашите наблуденија. Куманово и кумановската околија е една од интересните страни и извори за изучувањето на влијанијата кои се појавиле во нашата песна и јазик. Јасно е како бел ден влијанието од една страна српска, а од друга – бугарска. Така на пр(имер) Ст. Нагоричане од Младо Нагоричане е одделено со еден пат. Во Ст. Нагоричане има српско влијание, а во Младо Нагоричане има бугарско. И еве што станува. Конструкционо песната е построена некако во духот на српскиот јазик, а акцентуално е во духот на бугарскиот јазик (Мајка Ружу покарала – Ружа мајку не послуша). Овие констатации кои овде така јасно се гледаат, за нас се извонредно важни и од една друга гледна точка, а имено, што овде може најарно да се види врската на македонскиот народ со братскиот српски и бугарски народ и благотворните влијанија кои го оставиле својот печат во народното творештво. И ако ние водиме упорна и жилава борба против оние тенденциозни и злонамерни искривувања на нашата народна песна од страна на разни велико срби како Ѓоргевиќ и др. и на велико бугари како Добри Христов и др., то овдека влијанијата кои ги откривме претставуваат еден прилог за историската неминовност, за*

*борбената и живата врска меѓу Славјанските народи на Балканот“* (Ibid. 0040-0041).

За поврзаноста на Ж. Фирфов со македонскиот музички фолклор, говори и фактот дека тој бил еден од основачите и прв уметнички раководител на Ансамблот за народни песни и игри на НРМ „Танец“[10] (Ванчов Николески 1995: 78) и еден од создавачите на „Фолклорниот институт на НРМ“,[11] каде што предмет на неговите истражувања претставувала македонската народна музика, за која по една година од основањето на Институтот, презентирал научен реферат, за кој проф. д-р Ѓорѓи Ѓорѓиев[12] истакнува: *„Фирфов го објави својот прв труд од областа на етномузикологијата, под наслов ’Метричките особености на македонската народна музика’, укажувајќи на можноста нерамноделните метро-ритмички структури да се наследени од староседелците на Балканот или пренесени од источните цивилизации уште од времето на Александровите завојувања. Фирфов не го исклучува фактот дека ритамот од 7/8 со троделот на прво време, како и слични на него лежат во психата на словенското население, особено јужнословенското“* (Македонско Радио-фоодокументација, 19.11.2018).

Понатаму, неговата етномузиколошка дејност била насочена кон презентација на познавањата и истражувањата од неговата област, по што земал активно учество на национални и меѓународни научни

---

[10] Во 1949 година во Скопје бил основан првиот професионален ансамбл под првобитното име „Државен ансамбл за народни игри и песни на НРМ“ (*Уредба за оснивање на „Државен ансамбл на народните игри и песни на НР“.* Во: Службен весник на НРМ, 8/49. Скопје, 4 април 1948, 73; ДАРСМ. Фонд: 1120. „Танец: Уредба за основање на Државен ансамбл за народните игри и песни на Народна Република Македонија). Во 1953 година бил преименуван во Ансамбл за народни игри и песни на НРМ „Танец“ (ДАРСМ. Фонд: Ансамбл за народни игри и песни „Танец“. Скопје: несреден архивски материјал; Наташа, Диденко. 2019. Развојот и дејноста на музичките културно-уметнички организации и манифестации во Македонија. Музички културно-уметнички организации, т.1. Скопје: Дирекција за култура и уметност, 79).

[11] „Фолклорниот институт на НРМ“, како самостојна научна институција бил формиран на 6 април 1950 година, со следните задачи: да ја организира работата на собирање, систематизирање и конзервирање на фолклорното богатство на македонскиот народ; научно да го анализира, проучува и обработува собраниот материјал од подрачјето на националниот фолклор; да дава совети и стручни мислења во врска со применувањето на народната уметност во домашните ракотворби, музиката, индустријата, градежништвото итн; да соработува со организации, друштва и установи што работат на пропагирање на народната уметност; да се грижи за запазување и понатамошно развивање на народното уметничко творештво и да подготвува научни и научно-популарни публикации од областа на својата работа (*Уредба за оснивање на Фолклорен институт.* Во: Службен весник на НРМ, 11/50. Скопје, 15 мај 1950, 71).

[12] Ѓорѓи Ѓоргиев (с. Горна Бошава, Кавадаречко, 1940) – етномузиколог, научен соработник и универзитетски професор (во пензија).

собири, коишто пак претставувале извонредна можност за неговиот напредок и афирмација како етномузиколог. Во таа смисла, постигнувал забележителни резултати, по што бил избран за член на Националниот комитет при УНЕСКО за народна музика, дописен член на Меѓународното фолклорно друштво (IFMC) во Лондон, за член на Националното географско друштво на САД во Вашингтон, како и за почесен претседател на секторот за Балканските игри при Меѓународното друштво за народни игри во Лондон (Society for International Folk Dancing) (Каракаш 1970: 28).

Потребата за презентирање на македонското народно творештво, кое пред Ослободувањето во 1945 година било оспорувано како едно од најголемите обележја на македонската нација, ја поттикнала етномузиколошката дејност да ја насочи кон систематско средување на сите оние народни песни – над 7.000 (Ортаков 2009, 1558), кои ги истражувал, собирал и мелографирал низ годините, по што дел од нив ги објавил во збирките: „Македонски музички фолклор“ (1953); па „Македонски народни ора“ (1953), која ја издал заедно со Ганчо Пајтонџиев,[13] потоа втората збирка „Македонски музички фолклор“ (1959), издадена во коавторство со Методија Симоновски-Мирков[14] и Ристо Проданов, и зборникот „Македонски мелографи од XIX век“ (1963), во соработка со М. Симоновски-Мирков, за чие значење, Ѓ. Ѓорѓиев истакнува: „*Како посебен успех на Институтот за фолклор претставува издавањето на зборникот „Македонски мелографи од XIX век“... Целокупниот материјал во овој зборник беа македонските песни, што првобитно кон крајот на XIX век беа издадени во разни бугарски фолклористички изданија и беа прикажани како бугарски народни песни. Во уводот на овој зборник беше опфатен развојот на македонската вокална народна традиција со посебен акцент на карактеристиките на ритамот, неговото потекло и други прашања поврзани со него*“ (Македонско Радио-фонодокументација, 19.11.2018).

[13]Ганчо Пајтонџиев (Велес, 1905 – Скопје, 2002), вежбач во спортска гимнастика, наставник по физичко воспитување и етнокореолог. Како соработник на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“, во периодот од 1952 до 1967 година, снимил преку 7.500 народни песни (Др(агослав, Ор(таков). 2009. *Пајтонџиев Ганчо*. Во: Македонска енциклопедија, т.2. Ред. Блаже Ристовски. Скопје: МАНУ, 1109.

[14] Методија Симоновски-Мирков (Прилеп, 1927), етномузиколог и поет за деца. Како виш соработник на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје, во периодот од 1950 до 1965 година, мелографирал голем број македонски народни песни и објавил неколку статии за македонскиот музички фолклор – за ориентализмите во тоналната градба (1959), за рефрените (1960), за терминологијата (1961) и за народните верувања (1962) (С(имо), Мл(аденовски. 2009. *Симоновски, Методија-Мирков*. Во: Македонска енциклопедија, т. 2. Ред. Блаже Ристовски. Скопје: МАНУ, 1361.

Во меѓувреме издал учебници за основните музички училишта, насловени како: „Елементарна теорија на солфежот“ (1953) и „Учебник по музичко воспитување за IV одделение“ (1961), со кои дал значаен придонес во музичката педагогија (Коловски 1993: 221).

Врз основа на долгогодишната посветеност на македонското фолклорно творештво, за кое Ж. Фирфов вели: *„Фолклорот и песната ми останаа во душата. Откако ги засакав, никогаш не ги напуштив“* (МРТ 2008), бил одликуван со следните награди: „13 ноември“ (1963) – за книгата „Македонски мелографи од XIX век“; потоа наградата „Климент Охридски“ (1970) и наградата за животно дело „11 октомври“ (1971) (Коловски 1993: 219–220). На 21 јули 1984 година, во Скопје, згаснува животот на македонскиот поборник за зачувување на македонскиот музички фолклор.

Од досегашните сознанија можеме да кажеме дека целокупниот животен и творечки пат на Живко Фирфов е поврзан со македонската народна песна. Резултатите во неговата професионална дејност, врз основа на неговата неуморна работа и музичка наобразба, која ја стекнал во класата на познати уметнички имиња, не останале незабележителни, бидејќи со сето она што го создал, го забележил, го обработил и научно го публикувал дал значителен придонес кон откривањето, запишувањето, запознавањето и афирмацијата на македонската народна песна, по што, во историјата на музиката на Македонија, е запаметен како еден од значајните претставници на современата македонска музичка култура.

## Архивски извори:

Државен архив на Република Северна Македонија (03.05.1948). Фонд: 01.0170.0037.0020/0035. Министерство за просвета (1945 – 1951): Извештај за курсот за хорски раководители во месец април. Скопје.

[Državen arhiv na Republika Severna Makedonija (03.05.1948). Fond: 01.0170.0037.0020/0035. Ministerstvo za prosveta (1945 – 1951): Izveštaj za kursot za horski rakovoditeli vo mesec april. Skopje].

Државен архив на Република Северна Македонија (03.01.1950). Фонд: 01.0170.0036.0051/0377. Министерство за просвета (1945 – 1951): Доделени се наградите за најдобри музички творби по конкурсот што го распиша Министерството за просвета. Скопје.

[Državen arhiv na Republika Severna Makedonija (03.01.1950). Fond: 01.0170.0036.0051/0377. Ministerstvo za prosveta (1945 – 1951): Dodeleni se nagradite za najdobri muzički tvorbi po konkursot što go raspiša Ministerstvoto za prosveta. Skopje].

Државен архив на Република Северна Македонија (15.06.1948). Фонд: 01.0170.0037.0023/0040-0041. Министерство за просвета (1945 – 1951):

Извештај за престојот во Куманово во врска со организирањето на собирачката дејност на народни песни, приказни и поговорки поднесен од др. Венко Марковски и Живко Фирфов. Скопје.
[Državen arhiv na Republika Severna Makedonija (15.06.1948). Fond: 01.0170.0037.0023/0040-0041. Ministerstvo za prosveta (1945 – 1951): Izveštaj za prestojot vo Kumanovo vo vrska so organiziranjeto na sobiračkata dejnost na narodni pesni, prikazni i pogovorki podnesen od dr. Venko Markovski i Živko Firfov. Skopje].
Државен архив на Република Северна Македонија. Фонд: 1120. „Танец: Уредба за основање на Државен ансамбл за народните игри и песни на Народна Република Македонија. Скопје.
[Državen arhiv na Republika Severna Makedonija. Fond: 1120. "Tanec": Uredba za osnovanje na Državen ansambl za narodnite igri i pesni na Narodna Republika Makedonija. Skopje].
Државен архив на Република Северна Македонија. Фонд: Ансамбл за народни игри и песни „Танец".Скопје: несреден архивски материјал.
[Državen arhiv na Republika Severna Makedonija. Fond: Ansambl za narodni igri i pesni "Tanec". Skopje-nesreden arhivski material].
Македонско Радио-фонодокументација (03.02.1990). ЕМГ: 554. *„Сведоштва"*. Скопје.
[Makedonsko Radio-fonodokumentacija (03.02.1990). EMG: 554. *"Svedoštva"*. Skopje].
Македонско Радио-фонодокументација (17.06.2017). *„Историски фокус"*. Уред. Александар, Ангеловски. Скопје.
[Makedonsko Radio-fonodokumentacija (17.06.2017). *"Istoriski focus"*. Ured. Aleksandar, Angelovski. Skopje].
Македонско Радио-фонодокументација (19.11.2018). *„Од нашиот незаборав"*. Уред. Александар, Ангеловски. Скопје.
[Makedonsko Radio-fonodokumentacija (19.11.2018). *"Od našiot nezaborav.* Ured. Aleksandar, Angelovski. Skopje].
Македонска Радио Телевизија. 2008. *Културно документарна програма: Земја на песните (Портрет).* Уред. Весна Малјановска. Скопје.
[Makedonska Radio Televizija. 2008. *Kulturno dokumentarna programa> Zemja na pesnite (Portret).* Ured. Vesna Miljanovska. Skopje].

## Литература

Андов, Боро. 1977. *Уметничкото творештво на борците од Велес и Велешко од 1943 до 15 мај 1945*. Во: Велес и Велешко во Народноослободителната војна од 1943 до 15 мај 1945 година. Во: Материјали од Научниот собир одржан на 11 и 12 јуни 1976 година во Титов Велес. Уред. Страхил, Гигов, Данчо, Зографски, Ивановски, Стоилко и Миле, Тодоровски. Титов Велес, 383-386.
*АСНОМ: (Антифашистичко собрание на народното ослободување на Македонија): Документи од работата на Президиумот на АСНОМ меѓу*

*Второто и Третото заседание и од Третото заседание на АСНОМ*, т.1, кн.3. 1987. Ред. Новица Велјановски, Скопје.

Ванчов Николески, Димче. 1995. *Животот и делото на Живко Фирфов, еден од најавтентичните истражувачи на македонската спевна, поетска и играорна традиција*. Во: Литературата во Велес и Велешко меѓу двете светски војни.Уред. Васил, Тоциновски. Скопје-Титов Велес: Културно-просветна заедница на Македонија и Културно-просветна заедница на Титов Велес, 77-80.

Гочевска, Виолета.. 1988. *Кочо Апостолов Матов (1888 – 1962).* Во: Еден век музички живот: 40 години на основното музичко училиште„Киро Димов“ Титов Велес. Уред. Славко, Николов. Титов Велес: Графичка работна организација „Графичар“, 34-36.

Диденко, Наташа. 2019. *Развојот и дејноста на музичките културно-уметнички организации и манифестации во Македонија. Музички културно-уметнички организации*, т.1. Скопје: Дирекција за култура и уметност.

*Enciklopedija leksikografskog zavoda*, v. 6. 1969. Ред. Miroslav, Krleža. Zagreb: Jugoslovenski leksikografski zavod, 17.

Јованов, Илчо. 2011. *Улогата и значењето на оркестарот на народни инструменти на Македонската радио телевизија во одржувањето на сопствената музичка традиција*. Во: Годишен зборник Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Факултет за музичка уметност, бр.2. Уред. Стефанија, Лешкова-Зелениковска. Штип: Печатница „Европа 92“ – Кочани, 5-11.

Јурукова, Нада. 1990. *Основното воспитание и образование во Македонија 1944 – 1950*. Скопје: Институт за национална историја.

Каракаш, Бранко. 1970. *Музичките творци во Македонија*. Скопје: Македонска книга.

Коловски, Марко. 1993. *Сојуз на композиторите на Македонија 1947 – 1992. Македонски композитори и музиколози*. Скопје: Сојуз на композиторите на Македонија.

Костадиновски, Костадин. 2004. *Сто македонски години 1903-2003. Енциклопедиски лексикон*. Ред. Јован Павловски. Скопје: МИ-АН, 384.

Младеновски, Симо. 2009. *Институт за фолклор „Марко Цепенков“ – Скопје*. Во: Македонска енциклопедија, т.1. Ред. Блаже, Ристовски. Скопје:Македонска академја на науките и уметностите, 613-614.

Младеновски, Симо. 2009. *Симоновски, Методија-Мирков*. Во: Македонска енциклопедија, т.2. Ред. Блаже, Ристовски Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 1361.

Николески, Димче. 1988. *Живко Фирфов (1906 – 1984)*. Во: Еден век музички живот: 40 години на основното музичко училиште „Киро Димов“ Титов Велес. Уред. Славко, Николов. Титов Велес: Графичка работна организација „Графичар“, 75-81.

Најдовска, Јасминка. 2006. *Историја на секојдневниот живот во Велес меѓу двете светски војни.* Скопје: (магистерски труд во ракопис)

Ортаков, Драгослав. 1995. *Столетија на македонската музика (прилог кон една историја на музичката култура во Македонија)*. Во: Содржински и

методолошки прашања во истражувањето на историјата на културата на Македонија, кн. 1. Ред. Георги, Старделов, Матевски, Матеја и Ташко, Георгиевски. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 145-152.

Ортаков, Драголав. 2009. *Пајтонџиев Ганчо*. Во: Македонска енциклопедија, т.2. Ред. Блаже, Ристовски. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 1109.

Ортаков, Бојан. 2009. *Фирфов Живко*. Во: Македонска енциклопедија, т.2. Ред. Блаже, Ристовски. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 1558.

Скаловски, Тодор. 1984. *Сеќавања за културно-уметничките дејности во Горно Врановци*. Во: Историски денови на Горно Врановци: по повод 40-годишнината од престојот и работата на државното, военото и политичкото раководство на Македонија во селото Горно Врановци, Велешко. Ред. Веселинка, Малинска. Скопје: Мисла, 170-174.

Тошевски, Стојче. 1997. *„Влијанието на фолклорот врз музичкото творештво на Македонија (хронологија, белешки и прилози*. Во: Народното творештво на почвата на Македонија: прилози за истражување на историјата на културата на почвата на Македонија, кн. 6. Уред. Георги, Старделов, Блаже, Ристовски, Китевски, Марко и Лидија-Симовска-Поповска. Скопје: Македонска академја на науките и уметностите, 165-170.

*Уредба за основање на „Државен ансамбл на народните игри и песни на НРМ.* Во: Службен весник на НРМ, 8/49. Скопје, 4 април 1948, 73.

*Уредба за основање на Фолклорен институт*. Во: Службен весник на НРМ, 11/50. Скопје, 15 мај 1950, 71.

*Уредба за продолжување со работа на Фолклорниот институт како научна установа*. Во: Службен весник на НРМ 41/62. Скопје, 22 декември 1962, 520-521.

Филип, Јован. 2009. *Македонска Радиотелевизија*. Во: Македонска енциклопедија, т. 2. Ред. Блаже, Ристовски. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 854.

## References

Andonov, Boro. 1977. *Umetničkoto tvoreštvo na borcite od Veles I Veleško od 1943 do 15 maj 1945* [The Artistic Activities of the Fighters from Veles and Veles area from 1943 to 15 May 1945]. In: Materijali od Naučniot sobir održan na 11 i 12 juni 1976 godina vo Titov Veles. Ed. Strahil, Gigov, Dančo, Zografski, Ivanovski, Stoilko i Mile, Todorovski. Titov Veles, 383-386.

*ASNOM: (Antifašističko sobranie na narodnoto osloboduvanje na Makedonija): Dokumenti od rabotata na Prezidiumot na ASNOM megju Vtoroto I Tretoto zasedanie na ASNOM, t.1, v.3* [ASNOM: (Anti-fascist Assembly for the National Liberation of Macedonia): Documents from the work of the Presidium

of ASNOM between the Second and Third session and the Third session of ASNOM] 1987. Ed. Novica, Veljanovski. Skopje.

Vančov Nikoleski, Dimče. 1995. Životot I deloto na Živko Firfov, eden od najavtenti;nite istražuvači na makedonskata spevna, poetska I igraorna tradicija [The Life and Work of Živko Firfov, One of the most Authentic Researcher of the Macedonian Folk Song, Poetry and Dance tradition]. In: Literaturata vo Veles i Veleško megju dvete svetski vojni. Skopje-Titov Veles> Kulturno-prosvetna zaednica na Makedonija i Kulturno-prosvetna zaednica na Titov Veles. Ed. Vasil, Tocinovski, 77-80.

Gočevska, Violeta. 1988. *Kočo Apostolov Matov (1988 – 19620*). In: Eden vek muzički život> 40 godini na Osnovnoto muzičko učilište "Kiro Dimov" Titov Veles. Ed. Slavko, Nikolov. Titov Veles: Grafička rabotna organizacija "Grafičar", 34-36.

Didenko, Nataša. 2019. *Razvojot I dejnosta na muzičkite kulturno-umetnički organizacii i manifestacii vo Makedonija. Muzički kulturno-umetnički organizacii,* t.1 [The Development and Activity of the Music Cultural-Artistic Organizations and Manifestations in Macedonia. Music Cultural-Artistic Organizations, Vol.1]. Skopje> Direkcija za kultura I umetnost.

*Enciklopedija leksikografskog zavoda*, v. 6. 1969. Ed. Miroslav, Krleža. Zagreb: Jugoslovenski leksikografski zavod, 17.

Jovanov, Ilčo. 2011. *Ulogata I značenjeto na orkestarot na narodni instrumenti na Makedonskata radio televizija vo održuvanjeto na sopstvenata muzička tradicija* [The Role and Significance of the Orchestra of Folk Instruments on the Macedonian Radio Television in Maintaining the Own Music Tradition]. In: Godišen zbornik Univerzitet "Goce Delčev" – Štip, Fakultet za muzička umetnost, v.2. Ed. Stefanija, Leškova-Zelenikovska. Štip: Pečatnica "Evropa 92" – Kočani, 5-11.

Jurukova, Nada. 1990. *Osnovnoto vospitanie i obrazovanie vo Makedonija 1944 – 1950.* [The elementary education in Macedonia 1944 – 1950]. Skopje: Institut za nacionalna istorija.

Karakaš, Branko. 1970. *Muzičkite tvorci vo Makedonija* [Music Creators in Macedonia]. Skopje: makedonska kniga.

Kolovski, Marko. 1993. *Sojuz na kompozitorite na Makedonija 1947 – 1992. Makedonski kompozitori I muzikolozi.* [Union of the Macedonians Composers 1947 – 1992. Macedonian Composers and Musicologists]. Skopje: Sojuz na kompozitorite na Makedonija.

Kostadinovski, Kostadin. 2004. *Sto makedonski godini 1903-2003. Enciklopediski leksikon* [One Hundred Macedonian Years 1903-2003: encyclopedia lexicon]. Skopje: MI-AN, 384.

Mladenovski, Simo. 2009. *Institut za folklor "Marko Cepenkov" – Skopje* [Institute of Folklore "Marko Cepenkov" – Skopje]. In: Makedonska enciklopedja, v. 1. Ed. Blaže, Ristovski. Skopje: Makedonska akademija na naukite i umetnostite, 613-614.

Mladenovski, Simo. 2009. *Simonovski, Metodija-Mirkov.* In: Makedonska enciklopedja, v. 2. Ed. Blaže, Ristovski. Skopje: Makedonska akademija na naukite i umetnostite, 1361.

Nikoleski, Dimče. 1988. *Živko Firfov (1906 – 1984).* In: Eden vek muzički život: 40 godini na osnovnoto muzičko učilište "Kiro Dimov" Titov Veles. Ed. Slavko, Nikolov. Titov Veles: Grafička rabotna organizacija "Grafičar", 75-81.
Najdovska, Jasminka. 2006. *Istorija na sekojdnevniot život vo Veles megju dvete svetski vojni* [History of the Everyday Life in Veles between the Two World War]. Skopje: (magisterski trud vo rakopis)
Ortakov, Dragoslav. 1995. *Stoletija na makedonskata muzika (prilog kon edna istorija na muzičkata kultura vo Makedonija),* v. 1[Centuries of Macedonian Music (Contribution of One History of Music Culture in Macedonia, v.1]. Ed. Georgi, Stardelov, Matevski, Mateja i Taško, Georgievski. Skopje: Makedonska akademija na naukite i umetnostite, 145-152.
Ortakov, Dragoslav. 2009. *Pantondžiev Gančo.* In: Makedonska enciklopedja, v. 2. Ed. Blaže, Ristovski. Skopje: Makedonska akademija na naukite i umetnostite, 1109.
Ortakov, Dragoslav. 2009. *Firfov Živko.* In: Makedonska enciklopedja, v. 2. Ed. Blaže, Ristovski. Skopje: Makedonska akademija na naukite i umetnostite, 1558.
Skalovski, Todor. 1984. *Seќavanja za kulturno-umetničkite dejnosti vo Gorno Vranovci* [Memories for the cultural-artistic activities in Gorno Vranovci]. In: Istoriski denovi na Gorno Vranovci: po povod 40-godišninata od prestojot i rabotata na državnoto, voenoto i političkoto rakovodstvo na Makedonija vo seloto Gorno Vranovci, Veleško. Ed.Veselinka, Malinska. Skopje: Misla, 170-174.
Toševski, Stojče. 1997. *Vlijanieto na folklorot vrz muzičkoto tvoreštvo na Makedonija (hronologija, beleški i prilozi)* [The Impact of Folklore in the Music of Macedonia (Chronologic, Notes and Contributions]. In: Narodnoto tvoreštvo na počvata na Makedonija: prilozi za istražuvanje na istorijata na kulturata na počvata na Makedonija, v.6. Ed. Georgi, Stardelov, Blaže, Ristovski, Kitevski, Marko i Lidija-Simovska-Popovska. Skopje: Makedonska akademija na naukite i umetnostite, 165-170.
*Uredba za osnivanje na "Državen ansambl na narodnite igri i pesni na NRM"* [Decree of establishment „State Ensemble of Folk Dances and Songs in NRM]. In: Služben vesnik na NRM, 8/49. Skopje, 4 April 1948, 73.
*Uredba za osnivanje na Folkloren institute [Decree of establishment of Insitute of Foklore].* In: Služben vesnik na NRM, 11/50. Skopje, 15 May 1950, 71.
*Uredba za prodolžuvanje so rabota na Folklorniot institut kako naučna ustanova* [Decree of Continue to Work of the Institute of Folklore as Scientific Institution]. In: Služben vesnik na NRM, 41/62. Skopje, 22 December 1962, 520-521.
Филип, Јован. 2009. Македонска Радиотелевизија. Во: Македонска енциклопедија, т. 2. Ред. Блаже, Ристовски. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 854.
Filip, Jovan. 2009. *Makedonska Radiotelevizija* [Macedonian Radiotelevision]. In: Makedonska enciklopedja, v. 2. Ed. Blaže, Ristovski. Skopje: Makedonska akademija na naukite i umetnostite, 854.